Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

16. Јули, 2025 година

Архивски број : 67-712/11

Предмет: Известување за јавен увид на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми - вон град, Општина Штип**

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Министерството за транспорт го става на увид на јавноста **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми - вон град, Општина Штип**. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 16.07.2025 до 30.07.2025 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- Ilina.lalkova@mtc.gov.mk
- njomza.idrizi@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
**Весна Андриевска, диа**
**Раководител на Сектор за уредување на просторот**

Изработил: Ана Толева, миа


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk